# СТАНДАРДНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО НЕПРИДРУЖУВАНИ ДЕЦА И ДРУГИ РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЦА СТРАНЦИ

*(Скратена верзија)*


Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

UNHCR
The UN Refugee Agency

# ВОВЕД

*Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци уредуваат постапки, процедури и начини на обезбедување помош и заштита на непридружувани деца странци (НДС) и ранливите категории лица странци (РКЛС). Овие процедури се усвоени од Влада на Република Северна Македонија на 27.8.2024. година со заклучок број 41-5010.*

Документот содржи

**ПЕТ ПРОЦЕДУРИ**

кои се спроведуваат преку 25 чекори вкупно:

# СОДРЖИНА


## СОП 1 ПРВИЧЕН КОНТАКТ, ИДЕНТИФИКАЦИЈА И УПАТУВАЊЕ

**ЧЕКОР 1:** ПРОНАОЃАЊЕ И УПАТУВАЊЕ КОН НАДЛЕЖЕН ОРГАН (ПС ИЛИ ЦСР)

**ЧЕКОР 2:** ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ЗА НДС ИЛИ ДРУГО РКЛС

**ЧЕКОР 3:** РЕГИСТРАЦИЈА НА ЛИЦЕ ОД СТРАНА НА МВР

**ЧЕКОР 4:** ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАРАТЕЛ

**ЧЕКОР 5:** СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАЗГОВОР ЗА ПРОЦЕНА НА ПОТРЕБИТЕ

**ЧЕКОР 6:** ПРВИЧНО СМЕСТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ НДС ИЛИ ДРУГО РКЛС

## СОП 2 ЗГРИЖУВАЊЕ И ПРИСТАП ДО ПРАВА

**ЧЕКОР 1:** ПРОЦЕНА ЗА НАЈДОБРИОТ ИНТЕРЕС НА НДС И РКЛС

**ЧЕКОР 2:** ЗГРИЖУВАЊЕ (ДОКОЛКУ СЕ МЕНУВА)

**ЧЕКОР 3:** ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ

**ЧЕКОР 4:** ПРИСТАП ДО ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

**ЧЕКОР 5:** ПРОЦЕНА НА ВОЗРАСТ НА ДЕТЕТО

**ЧЕКОР 6:** ЗАМИНУВАЊЕ НА НДС ИЛИ РКЛС ЗА КОИ БЕШЕ НАЗНАЧЕН СТАРАТЕЛ

## СОП 3 РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ НА НДС И РКЛС

ЧЕКОР 1: НАЗНАЧУВАЊЕ ПРАВЕН ПОЛНОМОШНИК И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕДУВАЧ

ЧЕКОР 2: РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ ПО ОСНОВА НА ХУМАНИТАРНИ ПРИЧИНИ

ЧЕКОР 3: РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ ПО ОСНОВА НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ

ЧЕКОР 4: КРИВИЧНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА СТАТУСОТ

## СОП 4 ПРОНАОЃАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО, СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ, ДОБРОВОЛНО ВРАЌАЊЕ

ЧЕКОР 1: ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ПРОНАОЃАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО

ЧЕКОР 2: БЕЗБЕДНОСЕН РИЗИК ОД СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ ИЛИ ДОБРОВОЛНО ВРАЌАЊЕ

ЧЕКОР 3: ПОДГОТОВКА ЗА СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ НА НДС/ДОБРОВОЛНО ВРАЌАЊЕ НА РКЛС

ЧЕКОР 4: СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ ВО РСМ

ЧЕКОР 5: СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ ВО ЗЕМЈАТА НА ПРЕСТОЈ НА СЕМЕЈСТВОТО

ЧЕКОР 6: ДОБРОВОЛНО ВРАЌАЊЕ НА РКЛС ЗА КОИ Е НАЗНАЧЕН СТАРАТЕЛ

ЧЕКОР 7: ВРАЌАЊЕ НА РКЛС И НДС

## СОП 5 КРИВИЧНА ПОСТАПКА

ЧЕКОР 1: ИНФОРМИРАНОСТ И ПРАВА НА НДС КАКО ЖРТВА ИЛИ СВЕДОК ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

ЧЕКОР 2: ПОСТАПКА СО НДС КОЕ Е ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ ИЛИ РКСЛ - СТОРИТЕЛ НА КРИВИЧНО ДЕЛО

# СОП 1 ПРВИЧЕН КОНТАКТ, ИДЕНТИФИКАЦИЈА И УПАТУВАЊЕ

## ЧЕКОР 1: СОП 1 ПРОНАОЃАЊЕ И УПАТУВАЊЕ КОН НАДЛЕЖЕН ОРГАН (ПС ИЛИ ЦСР)

- Веднаш по првичниот контакт со лицето од страна на кој било граѓанин или службено лице, а за кое постои разумно сомневање дека е НДС или други РКЛС, се известува МВР или ЦСР кои веднаш излегуваат на терен/локација посочена од страна на лицето кое го пријавило случајот.
- Не е дозволен транспорт на лице од страна на неовластени лица како што се граѓани или организации!
- Доколку првичниот контакт е со службено лице од МВР во моментот кога ќе добие сознание дека лицето е НДС или РКЛС, понатамошниот разговор се прекинува.
- По прекинување на разговорот се известува месно надлежен ЦСР преку телефонски повик со цел присуство на стручен работник од ЦСР во понатамошно интервју со лицето.
- Во случај на НДС се назначува старател во рок не подолг од 4 часа, со цел продолжување на постапката.



← назад кон содржината

- Доколку првичниот контакт е со службено лице од ЦСР, по констатацијата дека станува збор за НДС или РКЛС, започнува постапка за назначување старател за НДС и се продолжува со процената на потребите на НДС/РКЛС, но во истиот момент се известува службено лице на МВР (преку телефонски повик), со цел негово присуство во понатамошното интервју на НДС/РКЛС.

- Локацијата (пријатна соба) каде ќе продолжи разговорот се договора помеѓу претставници на ЦСР и МВР.

## ЧЕКОР 2: СОП 1 ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ЗА НДС ИЛИ ДРУГО РКЛС

- Доколку овластеното службено лице од МВР или стручното лице од ЦСР ќе воочат симптоми опасни по животот и здравјето кај НДС, односно РКЛС, веднаш ќе повикаат итна медицинска помош или ќе го транспортираат лицето до најблиската здравствена установа за обезбедување на итна здравствена поддршка која се обезбедува во рамките на капацитети за пружање на здравствените услуги со кои располага Министерството за здравство.

- Во случај кога лицето е однесено во здравствена установа без присуство на стручно лице од ЦСР, овластеното службено лице од МВР обезбедува придружба на лицето сè до пристигнувањето на старателот или стручниот работник, доколку има услови и потреба.



← назад кон содржината

- Доколку лицето првично е донесено во здравствена установа поради итноста на медицинската интервенција, тогаш службеното лице од здравствената установа ако се сомнева дека се работи за НДС или РКЛС ја известува надлежната служба на МВР – РЦ за ГР ОПКМСР.

## ЧЕКОР 3: РЕГИСТРАЦИЈА НА ЛИЦЕ ОД СТРАНА НА МВР
СОП 1

- Евидентирањето и регистрацијата на НДС, односно РКЛС се врши исклучително од службено лице од МВР.
- Евиденцијата на лице странец се заведува во дневната книга на настани на надлежната полициска станица од општа надлежност или во полициска станица за гранични проверки при РЦ за ГР.
- Доколку НДС, односно РКЛС не поседуваат лични документи, истите се заведуваат во дневната книга на настани со податоците кои ги дале при нивното прво евидентирање пред службеното лице на МВР.
- Во случаите каде првичниот контакт со НДС, односно РКЛС го има службено лице од ЦСР, а истото даде различни лични податоци во првичниот разговор со мешовитиот тим од МВР и ЦСР, како релевантни се земаат податоците со кои службеното лице од МВР ќе направи регистрација на лицето.

- Регистрацијата на НДС/РКЛС го врши службено лице на МВР која се прави по завршување на првичното интервју и во просториите на МВР наменети за таа активност, во присуство на старателот или стручниот работник од ЦСР доколку има потреба за придружување на РКЛС на кое не му е назначен старател.

## ЧЕКОР 4: ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАРАТЕЛ
СОП 1

Активностите кои треба да се преземаат во рамки на ЦСР, по добиеното известување од МВР, во период не подолг од 4 часа се:

- детектирање на простор каде ќе се врши понатамошниот разговор со НДС (пријатна соба), подготвување на овластување за посебен старател, формирање на стручен тим (доколку околностите го бараат тоа, во случаи каде постои сомневање дека НДС било предмет на какво било насилство или трговија).
- Месно надлежниот ЦСР, веднаш (не подолго од 4 часа) определува стручно лице со овластување за назначување на старател на пронајденото НДС а подоцна донесува решение за старател.
- Старател се одредува и за некои категории РКЛС по барање на надлежна институција по службена должност.

## ЧЕКОР 5: СОП 1 СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАЗГОВОР ЗА ПРОЦЕНА НА ПОТРЕБИТЕ

- По првичниот разговор (локацијата на дојава) и идентификацијата дека се работи за НДС или РКЛС, понатамошниот разговор во пријатна соба се врши од страна на мешовит тим од претставници на стручни и обучени лица од МВР и ЦСР.

- Пред отпочнување на разговорот со НДС или РКЛС, старателот или стручниот работник од ЦСР прави процена дали разговорот ќе може да се прави без присуство на преведувач, односно обезбедува присуство на преведувач за јазик кој е разбирлив за НДС или РКЛС

- Во рамки на спроведување на првичниот разговор со НДС или РКЛС, аспектите на кои треба да се посвети внимание од страна на мешовитиот тим се: А. Процена на ранливост (службено лице на ЦСР): Доколку при прелиминарната процена и разговорот се утврди постоење на индикатори кои укажуваат дека НДС или РКЛС е претпоставена жртва на трговија со луѓе, веднаш се известува НЕСКМТЛ/ЕТЛКМ при СКИ-ОСОСК на МВР или НМУ при МТСП за нивно вклучување и се применуваат СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе. Доколку се утврди дека лицето е жртва на кој било вид на насилство се применуваат постапките определени во системот на социјална заштита Б.Процена на потребите (службено лице на ЦСР) и В. Правно советување (службено лице на МВР и ЦСР).

- По завршување на разговорот со НДС или РКЛС доколку им е назначен старател, од страна на МВР ли-

цето официјално се предава на грижа на старателот преку Образец за предавање на дете од МВР кон ЦСР.

## ЧЕКОР 6: ПРВИЧНО СМЕСТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ НДС ИЛИ ДРУГО РКЛС
СОП 1

- Врз основа на процената на потребите, видот и степенот на ранливоста, а која ќе биде во најдобар интерес, старателот итно наоѓа сместување на НДС или РКЛС за што дополнително изготвува Решение за сместување.
- Доколку се сместува во згрижувачко семејство треба да се оствари контакт со Центар за поддршка на згрижувачи, во текот на работното време писмено се обраќа, надвор од работното време телефонски, а дополнително и писмено.
- Доколку се сместува во друга форма (мал групен дом или станбена единица) треба да се контактира со соодветната установа во чиј состав е малиот групен дом или станбената единица.
- Доколку лицата првично имале потреба од итен медицински третман понатамошното транспортирање на НДС, односно на РКЛС во згрижувачки капацитет определен од ЦСР, ќе зависи од лекарската анамнеза добиена по направените здравствени прегледи на НДС, односно РКЛС.
- За предавање на лицето на згрижувачот се користи образец за примопредавање помеѓу ЦСР и одговорното лице во рамки на капацитетот за сместување.

СОП 2

# ЗГРИЖУВАЊЕ И ПРИСТАП ДО ПРАВА

## ЧЕКОР 1: СОП 2 ПРОЦЕНА ЗА НАЈДОБРИОТ ИНТЕРЕС НА НДС И РКЛС

- Во согласност со процената во рок од 10 дена, најдоцна до 30 дена од приемот на НДС или РКЛС, ЦСР изготвува индивидуален план за работа
- Во зависност од процената за најдобар интерес, можно е да биде донесена одлука за: доброволно враќање, (само во случаите на РКЛС), семејно обединување, барање меѓународна заштита, регулирање престој врз други основи, други активности кои го поддржуваат процесот на локална интеграција.

## ЧЕКОР 2: СОП 2 ЗГРИЖУВАЊЕ (ДОКОЛКУ СЕ МЕНУВА)

- Доколку по реализираниот првичен разговор се донела одлука за краткорочно интервентно сместување, можно е старателот на НДС по направената продлабочена процена за најдобар интерес (Чекор 2)

да побара друго сместување (различна форма или локација соодветна на месната надлежност на определено засолниште зависно од потребата).

- Единствено, старателот или стручното лице од ЦСР во случај на РКЛС може да донесе одлука за формата на сместување и локацијата за што донесува соодветно решение за сместување.
- Во случај кога за НДС или друга категорија РКЛС на кој му е одреден старател, има потреба да се изврши промена на старателот, се прави предавање на лицето со Записник за предавање/преземање на лице помеѓу двата старатела и се изготвува ново овластување
- Старателот на кој му прекинало старателството изготвува старателски извештај.
- За промена на локацијата и адресата на лицето кое е дел од определена постапка за регулирање престој или поднело барање за меѓународна заштита, старателот или ЦСР задолжен за НДС/РКЛС има обврска да го извести органот пред кој се води постапката (МВР, ОЈО) со електронска порака до службеното лице кое ја води постапката во период не подолг од 24 часа од донесената одлука за новото место на престојување на НДС/РКЛС.

## ЧЕКОР 3: СОП 2 ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ

- Старателот врши упис на НДС во училиште.
- За запишување во редовно училиште потребно е да се достави потврда за вакцинален статус (примени задолжителни вакцини), офталмолошки и стоматолошки наод, по протокол обезбеден од Министерството за здравство за НДС кои не поседуваат доказ од својата матична држава или претходно живеалиште за вакциналниот статус.
- За НДС се организира тестирање на знаење со цел запишување во соодветно одделение.
- Во рамките на училиштето се обезбедува изучување на македонскиот јазик.
- За запишување во училиште не е потребно НДС да има регулиран престој, но во понатамошниот период, во насока на обезбедување на свидетелство на НДС, неопходно е да се почне постапката за регулирање на престојот.

## ЧЕКОР 4: СОП 2 ПРИСТАП ДО ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

- НДС или друго РКЛС во периодот додека е неосигурано лице по ниту една основа и без регулиран престој,

пристап до здравствени услуги остварува во рамките на капацитети со кои располага Министерство за здравство.

## ЧЕКОР 5: ПРОЦЕНА НА ВОЗРАСТ НА ДЕТЕТО
СОП 2

- Процената на возраста кај НДС кое не поседува документи за идентификација, се иницира во случај кога постои сериозно сомневање за возраста на лицето и е во негов најдобар интерес во согласност со правата што се обезбедуваат. Процената на возраста се иницира во следниве ситуации:

- Кога се смета дека утврдувањето на возраста е во најдобар интерес на лицето и заради негова соодветна заштита;

- Кога лицето се претставува како дете, а има сомневање дека е полнолетно - заради ефективна алокација на ресурсите на сместувачките капацитети.

- Ваквата процена иницира, овластеното службено лице од МВР или старателот/стручниот тим веднаш по спроведувањето на разговорот и искажаното сомневање по однос на горенаведените ситуации, отпочнување на процената за возраст на детето.



назад кон содржината

- Оваа постапка се презема по претходна информираност и добиена согласност од лицето и предност се дава на неинвазивни методи на процена.
- Сè додека не се утврди возраста на детето, со него се постапува како со дете.

## ЧЕКОР 6: СОП 2 ЗАМИНУВАЊЕ НА НДС ИЛИ РКЛС ЗА КОИ БЕШЕ НАЗНАЧЕН СТАРАТЕЛ

- Доколку детето или РКЛС со назначен старател самоволно замине без најава од местото каде е сместено надлежните лица од местото каде е сместено лице должни се веднаш, но не подоцна од 24 часа од нивното непријавено заминување, да поднесат пријава во надлежната полициска станица.
- Старателот веднаш, но не подоцна од 24 часа, од непријавеното заминување на НДС/РКЛС, должен е писмено да го извести Секторот за потраги при МВР и во период од 72 часа да го извести Секторот за азил при МВР доколку лицето е барател на азил.

СОП 3

# РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ НА НДС И РКЛС

## ЧЕКОР 1: СОП 3 НАЗНАЧУВАЊЕ ПРАВЕН ПОЛНОМОШНИК И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕДУВАЧ

- Во случаите кога има потреба, на лицата им се одредува правен полномошник од страна на старателот за што се изготвува писмено полномошно за назначување на правен полномошник.
- Правниот полномошник е од „Регистарот на адвокати за давање правна помош објавен на сајтот на МП“ и истиот е обезбеден од страна на ЦСР.
- Во текот на целата постапка лицето задолжително има пристап до преведувач или толкувач на мајчиниот јазикот односно јазик кој НДС и РКЛС го разбираат кој се обезбедува од страна на институцијата која води одредена правна постапка.

## ЧЕКОР 2: СОП 3 РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ ПО ОСНОВА НА ХУМАНИТАРНИ ПРИЧИНИ

- Назначениот старател поднесува барање за одобрување/продолжување на привремениот престој до МВР, кое по приемот на барањето за одобрување/продолжување на привремениот престој, постапува и одлучува во итна постапка и донесува решение за одобрување на привремениот престој.
- Дозволата за привремен престој се издава за период до една година и истата може да се продолжува доколку се утврди дека и понатаму постојат хуманитарни причини.
- Ваква дозвола се издава и за НДС и РКЛС кои чекаат доброволно враќање или семејно обединување заради пристап до сите права во периодот до напуштање на државата.

## ЧЕКОР 3: СОП 3 РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ ПО ОСНОВА НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ

- Доколку врз основа на спроведената процена на лицето кое е идентификувано како ранливо се појави потреба за меѓународна заштита се поднесува апликација за признавање на правото на азил.

- Ако старателот процени дека е во најдобар интерес за заштита на детето поднесува барање за признавање право на азил до МВР/ОГР/СА заедно со известување за ранливост/ранлива категорија и овластување/решение за старателство , кој по приемот на барањето постапува во најкус можен рок.
- Ако РКЛС искаже усно барање за признавање право на азил за истото се изготвува записник за прием на усно барање за признавање право на азил. Старателот го потпишува записникот за признавање на барање на право на азил или намерата за право на азил кога се работи за НДС, а потоа оригиналот од страна на МВР (каде е поднесено барањето) се доставува до Секторот за азил заедно со оригиналното овластување за старател или решение за старател за посебен случај.
- По поднесеното барање за признавање на правото на азил Секторот за азил закажува интервју со детето на кое интервју задолжително присуствува старателот за посебен случај, преведувач и правен застапник.
- Доколку детето не е во можност да присуствува на интервјуто писмено се известува Секторот за азил и се презакажува терминот. Доколку се работи за ранлива категорија стручен тим од месно надлежен ЦСР на барање на Секторот за азил доставува известување за ранливост на лицето.

## ЧЕКОР 4: СОП 3

## КРИВИЧНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА СТАТУСОТ

- Кривичната постапка во која НДС или РКЛС учествува во било кое својство, непречено се одвива, без оглед на исходот на поднесеното барање за регулирање на престојот на лицата.
- Во случаеви кога НДС или/и РКЛС учествуваат во било кое својство во кривична постапка или пред други институции, задолжително е да бидат придружувани од старател, преведувач и правен застапник од регистрите од МП.
- Кога НДС или РКЛС се учесници во кривична постапка, старателот на судот му предлага и алтернативни форми на сместување, согласно законот и во најдобар интерес на детето.

# СОП 4 ПРОНАОЃАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО, СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ, ДОБРОВОЛНО ВРАЌАЊЕ

## ЧЕКОР 1: СОП 4 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ПРОНАОЃАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО

- Стручниот тим и старателот вршат разговор со НДС или РКЛС по однос на нивните родители и блиски роднини со цел да направат процена дали е во најдобар интерес на детето/РКЛС да се обедини со своето семејство, односно доброволно да се врати во земјата на потекло.

- Доколку се направи процена дека тоа е во најдобар интерес, преку првичен разговор, старателот/ЦСР самиот прави обид да се соберат информации за земјата на потекло на НДС/РКЛС, да го пронајде семејството, да се оствари првичен телефонски контакт, а потоа и да се процени дали сè уште е во најдобар интерес на НДС/РКЛС да се обедини со своето семејство, односно доброволно да се врати во земјата на потекло.

- Во случаите кога нема достапни податоци за членовите на семејството назначениот старател/ЦСР по

службена должност во писмена форма а најмногу 3 работни дена од денот на назначување за старател/водител на случајот се обраќа до службата за барање, односно на Црвениот крст на Република Северна Македонија со цел лоцирање на семејството.

- Црвениот крст на РСМ е надлежен за пронаоѓање на семејството и кој презема мерки за пронаоѓање на неговите блиски роднини: брачниот другар, доколку бракот бил склучен пред пристигнување во Република Северна Македонија, вонбрачниот другар, малолетните деца кои не се во брак, родителите на малолетните деца доколку малолетните деца се стекнале со право на азил и други лица во согласност со закон, заради остварување на контакт со истите, нивно информирање за пронајдените/идентификуваните НДС или РКЛС заради започнување на постапка за нивно обединување.

- По нивното пронаоѓање мандатот на Црвениот крст завршува и понатамошните активности ги преземаат надлежните институции.

- По добивањето на податоци од ЦК на РСМ, старателот стапува во контакт со семејството со цел проверка на веродостојноста на податоците за семејството како и подготвеноста на семејството да ги преземе грижата и одговорноста за НДС или РКЛС зависно од потребите.



назад кон содржината

## ЧЕКОР 2: СОП 4 — БЕЗБЕДНОСЕН РИЗИК ОД СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ ИЛИ ДОБРОВОЛНО ВРАЌАЊЕ

- Доколку ЦСР не е во можност самостојно да истражи за безбедносната состојба на земјата на потекло на НДС или РКЛС каде сака да се направи семејно обединување или доброволно враќање на РКЛС, службено се обраќа со допис до МНР.

- Врз основа на мислењето на МНР, тимот од ЦСР кој го определува најдобриот интерес на детето го утврдува степенот на ризик на НДС и РКЛС при семејното обединување со нивните родители/блиски роднини, од ризикот за враќање во земјата на потекло или дестинација каде што престојуваат нивните родители/блиски роднини.

## ЧЕКОР 3: СОП 4 — ПОДГОТОВКА ЗА СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ НА НДС/ ДОБРОВОЛНО ВРАЌАЊЕ НА РКЛС

- Откако ќе се обезбедат сите предуслови за безбедно враќање, ЦСР/старател/стручен тим донесува одлука за семејно обединување на НДС, односно доброволно враќање на РКЛС.

- Во присуство на правниот полномошник се информира НДС или со назначен старател РКЛС за донесе-

ната одлука, и по неговата согласност се подготвува за враќање и обезбедување на патни документи.

- Одлуката треба да содржи информации за законските можности за семејно обединување во РСМ, семејно обединување во земјата на престојот на семејството, доброволно враќање во земјата на потекло.

## ЧЕКОР 4: СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ ВО РСМ
СОП 4

- Во случаите кога членовите на семејството искажуваат подготвеност за преземање на грижа и одговорност за нивниот член кој се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија, истите се советуваат да побараат правна помош во земјата на нивниот моментален престој за неопходните постапки кои треба да бидат преземени со цел реализирање на семејното обединување на територијата на РСМ, по регулирање на неговиот статус во државата

- Постапката на семејно обединување започнува со поднесување на барање за семејно обединување, лично од страна на барателот на семејното обединување - покровителот или преку овластен полномошник до Министерството за внатрешни работи. За НДС и РКЛС кои уживаат меѓународна заштита во Република Северна Македонија, барањето се поднесува

до Секторот за азил при МВР. Во случаи на семејно обединување, барањето може да се поднесе и во ДКП на РСМ во странство.

- Доколку барателот на семејно обединување е НДС или процесно неспособно лице, старателот, односно законскиот застапник го поднесува барањето за семејно обединување во негово име, лично или преку овластен полномошник и ги сноси трошоците за поднесување на документите и барањето, во останатите случаи на РКЛС, барањето го поднесуваат лично (во Сектор за азил или Сектор странци во зависноста од статусот).
- Постапката на семејно обединување на НДС со неговиот родител се реализира во просториите на ЦСР, каде, претходно, стручен тим врши индивидуален разговор со родителот пред да направат спојување на родителот и НДС.
- Доколку во постапката на семејно обединување тимот воочи несигурност, страв и сомнежи на НДС кон родителот, постапката може да биде одложена до периодот на воочување на околностите кои предизвикале вознемиреност кај НДС.
- Постапката за семејно обединување завршува со потпишување на образец за преземање на НДС од страна на родителот.

## ЧЕКОР 5: СОП 4

## СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ ВО ЗЕМЈАТА НА ПРЕСТОЈ НА СЕМЕЈСТВОТО

- Во случаите на семејно обединување во земјата на престојот на семејството, по добивање на решение за семејно обединување од надлежните органи, каде семејството го има регулирано својот престој, старателот/ЦСР целокупната кореcподенција ја води со амбасадата/ДКП на земјата дестинација преку Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија .

- Во рамки на писмената кореспонденција се информираат надлежните служби во земјата на дестинација каде престојува родителот (член на потесното семејството) со кого треба да се реализира семејното обединување и се утврдува можноста родителот да дојде во РСМ заради семејно обединување и преземање на НДС, и нивно заедничко враќање во земјата на престој на родителот.

- Во случаи, доколку НДС/РКЛС не поседува валидна патна исправа, МНР на РСМ на истото може да му издаде патен лист за странец со цел патување на детето/лицето до земјата каде членовите на неговото потесно семејство го имаат регулирано престојот.

- Доколку семејното обединување се реализира на територијата на земјата на престој на родителите на НДС, организацијата и планирањето на патувањето

од страна на старателот на НДС се координира со стручните служби од земјата на престој на родителите. Во постапката за семејно обединување на НДС од РСМ до земјата на престој на неговите родители, задолжително е придружуван од старателот.

- Предавањето на НДС од страна на старателот се врши исключително на овластено лице од стручна служба од земјата на престој каде се реализира семејното обединување. Постапката за семејно обединување завршува со потпишување на образец за примопредавање на НДС помеѓу старателот и стручното лице кое има полномоштво за преземање на НДС.

## ЧЕКОР 6: ДОБРОВОЛНО ВРАЌАЊЕ НА РКЛС ЗА КОИ Е НАЗНАЧЕН СТАРАТЕЛ
СОП 4

- Постапката за доброволно враќање на РКЛС треба да биде исключително на доброволна основа.
- Доброволното или самостојно враќање на странецот во земјата на потекло или во трета земја, во која има дозвола за престој, се заснова на слободна и информирана одлука на странецот кој се враќа.
- Кога се исполнети условите на Програмата за асистирано доброволно враќање, МВР или старателот го упатува лицето до ИОМ, а ИОМ ја спроведува Програмата, по добиена писмена согласност на лицето/старател за влез во Програмата:

- Старателот поднесува барање до ИОМ, кој во име на малолетник ќе поднесе барање
- Пред заминувањето, на аеродромот, претставникот на ИОМ одговорен за Програмата за асистирано доброволно враќање од местото му помага на корисникот на програмата на аеродромот околу сите процедури.

## ЧЕКОР 7: СОП 4 ВРАЌАЊЕ НА РКЛС И НДС

- Враќањето на РКЛС и НДС во земјата на потекло или во трета земја од која пристигнале во РСМ или во која претходно оствариле заштита го спроведуваат МВР/БЈБ/ОГРМ и РЦ за ГР/ОПКМСР, ИОМ (само во случаи на доброволно враќање/види Чекор 6), УНХЦР и други МО по утврдени законски основи.
- Веднаш по донесената одлука од страна на МВР за исполнување на законските услови за репатријација на РКЛС, се известува одговорниот ЦСР кој постапува со РКЛС.
- Надлежниот ЦСР започнува постапка за известување на земјата на прием, односно комуницира со нејзините надлежни институции. Комуникацијата се остварува преку МНР на РСМ.
- Примопредавањето на РКЛС од страна на надлежниот орган, без разлика дали се спроведува во РСМ или

во земјата на прием, секогаш се спроведува со Записник за примопредавање на МВР, притоа се изготвува план на мерки и активности за спроведување на одлуката за репатријација.

- Примопредавањето на НДС или РКЛС со назначен старател на родители/родител/близок роднина кои преземањето го вршат во РСМ, се врши на следниот начин: се врши верификација на факти/проверка на документи/лична опсервација со цел да се потврди идентитетот на родителите/родителот/близок роднина и нивното сродство со НДС; се спроведува интервју со истите во врска со нивните планови во иднина; се запознаваат со психофизичката состојба на лицето како и со здравствените прегледи/интервенции преземени врз истото; за примопредавањето се изготвува записник.
- Пред заминувањето треба да се обезбеди НДС или РКЛС да ги имаат сите неопходно потребни средства при враќање, меѓу кои и следните: патни документи; патен билет; телефонски броеви и контакти во случај на итни потреби; лични работи; лице за придружба/одговорното лице; парични средства.

СОП 5

# КРИВИЧНА ПОСТАПКА

## ЧЕКОР 1: СОП 5 ИНФОРМИРАНОСТ И ПРАВА НА НДС КАКО ЖРТВА ИЛИ СВЕДОК ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

- Веднаш по поведувањето на кривичната постапка, кога детето е жртва или сведок во постапката, старателот задолжително присуствува кога се дава исказот по добиено писмено известување за датумот, време и локација на давање на исказот.
- На НДС или РКЛС му се обезбедува правен застапник и толкувач/преведувач. Старателот е должан да обезбеди психосоцијална поддршка на жртва или сведок во згрижувачкиот капацитет за кои е писмено известен за форма и локацијата доколку тоа е различно од одлуката за згрижување направена од страна на старателот.
- НДС жртва или сведок на кривично дело ги има следниве права: со него да се постапува со почитување на неговото достоинство, да биде заштитено од секаква


← назад кон содржината

дискриминација, да биде известено за своите права на јазик разбирлив и соодветен на неговата возраст, како и почитување на правото на приватност, во писмена форма да биде информиран старателот за сите прашања во врска со кривичното дело и во врска со осомничениот, обвинетиот и осудениот, како и за денот и рокот кога НДС треба да даде изјав пред надлежен орган, право на посебна заштита од секундарна виктимизација или ревиктимизација

- Правна помош на дете жртва обезбедува адвокат кој следел специјализирана обука за правата на децата

## ЧЕКОР 2: СОП 5 ПОСТАПКА СО НДС КОЕ Е ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ ИЛИ РКСЛ - СТОРИТЕЛ НА КРИВИЧНО ДЕЛО

- Постапката се води во присуство на старател, преведувач/толкувач и полномошник- правен застапник од листата, а по дадено Барање на Јавен Обвинител за поведување на подготвителна постапка која е вид на истрага.

- Кога ќе заврши подготвителната постапка судијата за деца до јавниот обвинител ги доставува списите, кој дава предлог за изрекување на санкција пред судија за деца на надлежен суд со одделение за малолетници.

- Целата постапка се спроведува во најдобар интерес на детето каде улогата на старателот е активна и изнесува свое мислење за сите прашања поврзани со детето во ризик односно детето во судир со законот.
- Изјавата на старателот задолжително се внесува во записникот.
- Доколку детето во судир со законот е во притвор, старателот задолжително го посетува и се грижи за неговиот најдобар интерес, за кое нешто редовно го известува судот со писмен извештај.

За подетални информации

преземете го целиот СОП **тука**

Оваа брошура е изработена со поддршка на УНХЦР Северна Македонија. За нејзината содржина е одговорно Министерството за социјална политика, демографија и млади и таа не може да се земе за став на УНХЦР, ниту пак го обврзува УНХЦР.

← назад кон содржината